**Порака по повод интернационалниот ден на танцот – Америка**

**МАРИАНЕЛА БОАН – Куба**

**Кореограф, танчерка и учителка**

Твоето тело започнува пред тебе и тоа е место на сите ритуали кои ти припаѓаат тебе.

Кога го слушаш твоето тело низ танц, ти исто така ги слушаш телата и танците на заведувањето и славењето што им припаѓаат на твоите предци и на твоите видови.

Во твоето тело носиш танци кои ќе те спасат.

Оној што танцува под кожата го допира другиот; танцот ја допира нивната тежина и нивните мириси, тој ги поразува тактилните паравани и ги збришува границите меѓу телата и нациите.

Јас живеев на двете страни од историјата. Видов и сиромаштија и богатство, пејзажи и тела поддржани и отфрлени од моќта. Мојата работа ископува, ги бара вистинските тела меѓу оние формално присутни на екранот.

Да се биде кореограф во Куба или на Доминиканската република, маѓични острови каде што живеам јас опкружена од Карипското Море и луѓето кои танцуваат уште пред да се родат, е неискажлива привилегија.

Танцувањето е извонреден противотров за лудилото на човештвото.

На секоја отселена личност, бегалец и на секој прогонет насекаде низ светот, јас му велам: ти ја носиш земјата која оди заедно со тебе и неа никој никогаш не може да ти ја одземе; земјата на твоето тело.

**МАРИАНЕЛА БОАН** е меѓународно позната и една од најважните на Кубанската и Латиноамериканската танцова авангарда. Најзиниот „Загаден танц“ радикално ги меша сите уметности поврзани со танцот продуцирајќи изразит и оригинален сценски резултат. Како кореограф, танчерка и едукатор, Боан работела во повеќе од 40 земји презентирајќи

ги нејзините дела и правејќи работилници на многу места и на многу фестивали во Европа, Латинска Америка, Азија и Африка. Таа создала околу 70 кореографски дела за танц, театар, телевизија и за филмски компании.

Како член на Современиот танц на Куба од 1973 до 1988 год. и како основач и директор на компаниите DanzAlberta, Куба од 1988 до 2003, BoanDanzАкција, САД од 2005 до 2010 и на Националната Компанија за Современ Танц на Доминиканската Република од 2010 год. до денес, таа освоила важни кореографски награди. Во 2014 година, Женскиот сојуз на изведбени уметности на Латинска Америка направи омаж на нејзиниот живот и професионална работа врачувајќи и ја Џио наградата.

Таа се здоби со степен Магистратура по танц на Темпл универзитетот во Филаделфија каде што работела како едукатор. Исто така била раководител и на Високиот инстиут за уметности на Куба (ISA) и учествувала во едукација на неколку генерации на Кубански и Латиноамерикански танчери.

Меѓу 2002 и 2010 таа вложи голем труд интензивно раководејќи со компании и институции во САД како што се Танцов Театарски Воркшоп, Американски танцов фестивал, Бејтс танцов фестивал, Њујорк универзитетот, Џојс СоХо, Ла Мама итн.

Марианела Боан моментално живее во Санто Доминго, во Доминиканската република каде што ја има основано и моментно ја води Националната компанија за современ танц при Министерството за култура која постигнала извонредни успеси во Куба, Колумбија, Костарика, Шпанија, Перу и САД. Нејзините последни дела се „Сед“ (2011), „Кариби делукс“ (2013), „Погон“ (2015) и „Дефило“ (2017).

**Превод:** Сашо Огненовски